Врз основа на член 30 од Статутот на КБ Прво пензиско друштво АД Скопје, Управниот одбор на Друштвото на 16/2025 состанок, одржан на 28.04.2025 година, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА РАБОТА НА АГЕНТИТЕ НА КБ ПРВО ПЕНЗИСКО ДРУШТВО АД СКОПЈЕ

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој Правилник поблиску се уредуваат правила за вршење на агентските работи, работи на маркетинг на Друштвото и правила при потпишување на договори за членство во задолжителен и доброволен пензиски фонд, договори за исплата на пензии и пензиски надоместоци и договори за организирање и финансирање на професионални пензиски шеми во КБ Прв отворен доброволен пензиски фонд.

Член 2

Агент на КБ Прво пензиско друштво АД Скопје е лице кое има положено испит за агент организиран од Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување – МАПАС (во понатамошниот текст: Агенцијата), упишано е во Регистарот на агенти што го води Агенцијата има потпишано Договор за вршење работи на агент со Друштвото и врши работи на маркетинг на пензиските фондови со кои управува Друштвото.

Член 3

Под работи на агент се подразбира вршење на работи на маркетинг на пензиските фондови со кои управува Друштвото.

Член 4

„Работи на маркетинг" се сите активности чија цел е рекламирање на Друштвото и информирање и склучување на договори за членство во КБ Прв отворен задолжителен пензиски фонд – Скопје и КБ Прв отворен доброволен пензиски фонд – Скопје и договори за исплата на средства од овие фондови што вклучува:

- Рекламирање на работењето на Друштвото и пензиските фондови со кои тоа управува;
- Информирање за карактеристиките на задолжителното и доброволното капитално финансирано пензиско осигурување;
- Информирање за надоместоците и трансакционите провизии;
- Информирање за приносот на пензиските фондови со кои управува Друштвото;
- Информирање за инвестиционите портфолија на пензиските фондови со кои управува Друштвото;
- Информирање за индивидуалните, доброволните индивидуални и професионални сметки;
- Зачленување и премин на членови од еден во друг задолжителен и доброволен пензиски фонд;
- Склучување на договори за програмирани повлекувања, договори за еднократна исплата и договори за повеќекратни исплати;
- Склучување на договори за организирање и финансирање на професионални пензиски шеми;
- Други активности кои се извршени со цел обезбедување услуги и информации или објективно и навремено обезбедување на податоците поврзани со работењето на КБ Прво пензиско друштво АД Скопје на сегашните, идните и пензионираните членови на Прв задолжителен пензиски фонд и Прв доброволен пензиски фонд, било во или надвор од друштвата или филијалите, директно или преку соодветен вид на комуникација (телефон, факс, интернет).

## II. ВРШЕЊЕ НА РАБОТИ НА МАРКЕТИНГ И СКЛУЧУВАЊЕ НА ДОГОВОРИ ЗА ЧЛЕНСТВО

Член 5

Агент на Друштвото може да започне со маркетинг и потпишување на договори по положувањето на испитот за агент, негов упис во Регистарот на агенти што го води Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување – МАПАС и добивање на легитимација на агент.

Член 6

Работите на агент, кои се извршувани од агентот на КБ Прво пензиско друштво, треба да бидат извршувани професионално и совесно, согласно регулативата од областа на капиталното финансирано пензиско осигурување, договорот за вршење на работи на агент помеѓу агентот и Друштвото, Кодексот на однесување на агентите донесен од страна на Друштвото, инструкциите добиени од страна на Друштвото, почитувајќи го притоа ограничувањето во постојната регулатива.

Член 7

Агентот може да врши работи на маркетинг во исто време само на едно друштво за управување со задолжителни и доброволни пензиски фондови, односно едно друштво за управување со задолжителен пензиски фонд или друштво за управување со доброволен пензиски фонд.

Член 8

Агентите на Друштвото не смеат:

- Да даваат погрешни и неточни информации за Прв задолжителен пензиски фонд и Прв доброволен пензиски фонд или за Друштвото или информации кои можат да ги доведат во заблуда членовите/пензионираните членови на Прв задолжителен пензиски фонд и Прв доброволен пензиски фонд, лицата кои имаат право да станат членови, на Прв задолжителен пензиски фонд и Прв доброволен пензиски фонд или лицата кои во иднина би имале право да станат членови на Прв задолжителен пензиски фонд и Прв доброволен пензиски фонд, односно осигурители и потенцијални осигурители на Прв доброволен пензиски фонд, ниту со усмени изјави, пишан материјал, оглас или било каков друг материјал, истото со цел штитење на правата и интересите на овие лица;
- Да даваат никакви изјави или предвидувања за идните резултати на Друштвото, Прв задолжителен пензиски фонд и Прв доброволен пензиски фонд, на членовите, пензионираните членови, лицата кои имаат право да станат членови, осигурители и потенцијални осигурители и лицата кои во иднина би имале право да станат членови на Прв задолжителен пензиски фонд и Прв доброволен пензиски фонд и истите да ги презентираат на било каков начин, освен изјави во форма и на начин пропишани од Агенцијата;
- Да даваат вредносни оцени за друштвата што работат во областа на капиталното пензиско осигурување или пензиските фондови или да прават споредби, освен во врска со минат принос од инвестиции, мината инвестициона политика и минати надоместоци наплатени од членовите/пензионираните членови на пензиските фондови и друштвата што управуваат со овие фондови;
- Да користат изрази или слогани како што се: „најдобра услуга", „најдобро друштво", „најдобра поддршка" или други изрази што не можат прецизно да се дефинираат;
- Да врши маркетинг на Прв задолжителен пензиски фонд и Прв доброволен пензиски фонд на начин кој е спротивен на јавниот морал или принципите и целите на капитално финансираниот пензиски систем;

➢Да доставува писмени известувања на членовите, потенцијалните членови или лицата кои во иднина би имале право да станат членови на Прв задолжителен пензиски фонд или Прв доброволен пензиски фонд, за Друштвото, Прв задолжителен пензиски фонд, односно Прв доброволен пензиски фонд или капитално финансираното пензиско осигурување без одобрение од Друштвото, освен за маркетинг материјали издадени од Друштвото;

➢Да врши маркетинг на Прв задолжителен пензиски фонд и Прв доброволен пензиски фонд или склучува договори за членство, договори за програмирани повлекувања во Прв задолжителен пензиски фонд, договори за членство, договори за програмирани повлекувања, договори за еднократна исплата и договори за повеќекратни исплати во Прв доброволен пензиски фонд, односно договори за организирање и финансирање на професионални пензиски шеми во Прв доброволен пензиски фонд по губењето на статусот на агент по било кој основ;

➢Доколку агентот е вработен, на своите хиерархиски подредени не смее да им рекламира задолжителен пензиски фонд и доброволен пензиски фонд;

➢Да нуди било какви подароци со цел да наведе лице да се зачлени, да остане член во Прв задолжителен пензиски фонд или да склучи договор за програмирани повлекувања или да се зачлени или да остане член во Прв доброволен пензиски фонд, да учествува или остане во професионална пензиска шема или да склучи договор за програмирани повлекувања, договор за еднократна исплата и договор за повеќекратни исплати во Прв доброволен пензиски фонд;

➢Да нуди било какви подароци со цел да наведе лице да присуствува или да остане на места каде што се врши маркетинг на Прв задолжителен пензиски фонд и Прв доброволен пензиски фонд;

➢Да нуди било какви подароци на работодавец или на него поврзани лица, со цел да го поттикне или награди доколку ги наведе или им наложи на неговите вработени да се зачленат или останат членови во Прв задолжителен пензиски фонд или Прв доброволен пензиски фонд;

➢Да нуди било какви подароци на синдикат или друга организација, колективно тело или на лица поврзани со таа организација или тело, со цел да го поттикне или награди доколку ги наведе или им наложи на неговите вработени да се зачленат во Прв задолжителен пензиски фонд или Прв доброволен пензиски фонд;

➢Да нуди било какви подароци на осигурител или на него поврзани лица, со цел да го поттикне или награди да стане или остане организатор на професионална пензиска шема во Прв доброволен пензиски фонд или да им наложи на неговите вработени или членови да учествуваат во професионална пензиска шема во Прв доброволен пензиски фонд;

➢Во никој случај не смее да бара и прима подароци дадени од членови/пензионирани членови на Прв задолжителен пензиски фонд и Прв доброволен пензиски фонд, лица кои имаат право да станат членови на Прв задолжителен пензиски фонд и Прв доброволен пензиски фонд или лица кои во иднина би имале право да станат членови на Прв задолжителен пензиски фонд и Прв доброволен пензиски фонд, доколку истите се дадени како противуслуга за вршењето на работите на агент;

➢Во никој случај не смее да прима парични подароци;

➢За подарок нема да се смета добиен промотивен материјал на членот, лицата кои имаат право да станат членови на Прв задолжителен пензиски фонд и Прв доброволен пензиски фонд и лицата кои во иднина би имале право да станат членови на Прв задолжителен пензиски фонд или Прв доброволен пензиски фонд, за дејноста што тие ја вршат;

➢Предметите што агентот ќе ги добие како подарок, а кои не ја преминуваат вредноста од 1500 денари нема да се сметаат за подарок под услов истиот да е израз на волја на членот, лицето кое има право да стане член на Прв задолжителен пензиски фонд или Прв доброволен пензиски фонд или лица кои во иднина би имале право да станат членови на Прв задолжителен пензиски фонд или Прв доброволен пензиски фонд и подарокот да не е даден како противуслуга за вршењето на работи на агент;

Член 9

Под „подарок" се подразбираат не само парични награди, плаќање на паричен надомест за предвремено прекинување на членство или раскинување на договор за програмирани повлекувања во други задолжителни пензиски фондови, односно предвремено прекинување на членство или раскинување на договор за програмирани повлекувања или договори за повеќекратни исплати во други доброволни пензиски фондови, подарување на подвижни и недвижни ствари, платежни картички или слични финансиски услуги, уметнички дела, организирање изложби или претстави, или други чинења кои вообичаено треба да се платат, освен оние плаќања кои непосредно произлегуваат од правата на членовите и пензионираните членови, членство во задолжителен, односно доброволен пензиски фонд.

Член 10

Агентите имаат обврска:

➢При вршење на работи на агент, да ги штитат интересите на членовите и пензионираните членови на Прв задолжителен пензиски фонд или Прв доброволен пензиски фонд, Друштвото и доверливи информации што му се достапни, согласно интерните акти и правила на Друштвото, Кодексот за однесување на агентите на КБ Прво пензиско друштво и позитивните законски прописи;

➢При секој контакт со член, потенцијален член или пензиониран член, а кога причината на средбата е давање на информации за Друштвото, Прв задолжителен пензиски фонд, Прв доброволен пензиски фонд, исплата на пензии и пензиски надоместоци или капитално финансираното пензиско осигурување, агентот мора да се легитимира со легитимацијата издадена од Друштвото и усмено да се претстави себе, Друштвото, Прв задолжителен пензиски фонд, односно Прв доброволен пензиски фонд кои ги претставува;

➢Да бидат присутни во моментот на склучување на договорот за членство, договор за премин и договор за програмирани повлекувања во Прв задолжителен пензиски фонд, договорот за членство, договор за премин, договор за програмирани повлекувања, договор за еднократна исплата и договор за повеќекратни исплати односно договор за организирање и финансирање на професионална пензиска шема во Прв доброволен пензиски фонд;

➢Да извршат презентација на задолжителното и доброволно капитално финансирано пензиско осигурување и точно и прецизно да одговорат на сите прашања на потенцијалниот член, ова особено за предностите на системот на капитално финансирано пензиско осигурување, надоместоците што се наплаќаат од средствата на членовите и пензионираните членови на Прв задолжителен пензиски фонд и Прв доброволен пензиски фонд, правата од членство, предностите на Друштвото, Прв задолжителен пензиски фонд и Прв доброволен пензиски фонд, информации за исплата на средства од Прв задолжителен пензиски фонд и Прв доброволен пензиски фонд како и остварените резултати на Друштвото, Прв задолжителен пензиски фонд и Прв доброволен пензиски фонд согласно Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување ,

Законот за доброволно капитално финансирано пензиско осигурување и Законот за исплата на пензии и пензиски надоместоци од капитално финансирано пензиско осигурување;

➢ Да доставaт на увид на членот/пензионираниот член соодветен примерок од важечкиот статут и информативен проспект на задолжителниот и/или доброволниот пензиски фонд пред потпишување на договор за членство или исплата на средства;

➢ Да доставaт еден примерок од потпишаниот договор за членство во Прв задолжителен пензиски фонд, односно Прв доброволен пензиски фонд на лицето кое го потпишало тој договор и еден примерок од потпишаниот договор за членство во Прв доброволен пензиски фонд, доколку договорот го потпишува физичко лице кое уплаќа придонес во име и за сметка на членот да доставaт на лицето - уплаќач;

➢ Да доставaт до Друштвото еден примерок од секој потпишан договор за членство во Прв задолжителен пензиски фонд, еден потпишан примерок од секој склучен договор за членство во Прв доброволен пензиски фонд, а доколку договорот не го потпишува физичко лице кое уплаќа придонес во име и за сметка на членот, да го достави и третиот примерок од договорот, согласно законските рокови и интерните правила на Друштвото;

➢ Да доставaт два примероци од поднесокот за еднострано раскинување на договорот за членство во Прв задолжителен пензиски фонд на лицето кое потпишало договор и да му ја објаснат процедурата за евентуално еднострано раскинување на договорот и достава на поднесокот до Друштвото. Доставата на поднесоците за раскинување на договор треба да се изврши веднаш по потпишувањето на договорот за членство во Прв задолжителен пензиски фонд;

➢ Правилно и читко да ги пополнат: договорот за членство, договор за премин и договор за програмирани повлекувања во Прв задолжителен пензиски фонд, договорот за членство, договор за премин, договор за програмирани повлекувања, договор за еднократна исплата и договор за повеќекратни исплати во Прв доброволен пензиски фонд, сите податоци од договорот задолжително се пополнуваат, освен оние податоци чии што барања се испишани со закривени букви во договорот;

➢ Да доставaт контакти на Друштвото на лицето на кое му се врши презентација или лицето кое потпишало договор за членство, договор за програмирани повлекувања во Прв задолжителен пензиски фонд или договор за членство, договор за програмирани повлекувања, договор за еднократна исплата и договор за повеќекратни исплати во Прв доброволен пензиски фонд, со цел лесно добивање на правилни информации во иднина, кои се поврзани за неговото членство и за повлекување на средствата од Прв задолжителен пензиски фонд и/или Прв доброволен пензиски фонд;

➢ На барање на членот или потенцијалниот член да доставaт дополнителни документи или информации поврзани со нивното членство или идно членство во Прв задолжителен пензиски фонд или Прв доброволен пензиски фонд. Под оваа обврска не се подразбира достава на документи и информации што се сметаат за деловна тајна на Друштвото, а му се достапни на агентот, како и негови лични документи што не се потребни за идентификација на агентот, Друштвото и пензиските фондови кои ги претставува;

➢ Да го информираат Друштвото доколку членот на доброволниот пензиски фонд одбивал да се идентификува или давал лажни податоци, доколку некое лице сака да склучи договор за членство во доброволниот пензиски фонд во име на друго лице, доколку членот се однесува необично и одбива да се идентификува при склучувањето на договорот, доколку трето лице склучува договори за членство во доброволниот пензиски фонд со повеќе лица наеднаш со цел да уплаќа во нивно име, за секое барање за склучување на договор за членство или склучување на договор со физичко лице од странство, доколку клиентот има лоша репутација во државата или клиентот е носител на јавна функција.

Член 11

При вршење на работите на агент, агентот треба да постапува согласно Кодексот за однесување на агентите на КБ Прво пензиско друштво АД Скопје;

## III. ЗАШТИТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ

Член 12

Под „личен податок" се подразбира секоја информација која се однесува на идентификувано физичко лице или физичко лице кое може да се идентификува, а физичко лице кое може да се идентификува е лице чиј идентитет може да се утврди директно или индиректно, посебно врз основа на идентификатор како што се име и презиме, матичен број на граѓанинот, податоци за локација, идентификатор преку интернет, или врз основа на едно или повеќе обележја специфични за неговиот физички, физиолошки, генетски, ментален, економски, културен или социјален идентитет на тоа физичко лице.

Член 13

Под „збирка на лични податоци" се подразбира структурирана група на лични податоци која е достапна согласно специфични критериуми, без оглед дали е централизирана, децентрализирана или распространета на функционална или географска основа.

Член 14

Под „обработка на лични податоци" се подразбира секоја операција или збир на операции што се изведуваат врз лични податоци, автоматски или друг начин, како што е: собирање, евидентирање, организирање, структурирање, чување, приспособување или промена, повлекување, консултирање, увид, употреба, откривање преку пренесување, објавување или на друг начин правење достапни, усогласување или комбинирање, ограничување, бришење или уништување.

Член 15

Личните податоци што при вршење на работите на агент ги стекнал агентот, не смее да бидат користени од агентот за ниту една друга цел, освен за склучување на договор за членство во Прв задолжителен пензиски фонд, договор за членство или договор за професионална пензиска шема во Прв доброволен пензиски фонд, за договор за програмирани повлекувања во Прв задолжителен пензиски фонд, договор за програмирани повлекувања, договор за еднократна исплата и договор за повеќекратни исплати во Прв доброволен пензиски фонд, како и вршење на пост-продажни активности исклучиво по налог и упатства на Друштвото.

При обработка на лични податоци агентот е има обврска:

- да ги почитува начелата на заштита на личните податоци,
- да врши обработка на личните податоци согласно упатствата добиени од страна на Друштвото, почитувајќи ги притоа прописите за заштита на личните податоци што важат во Република Северна Македонија,
- да применува технички и организациски мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци, да ги чува како доверливи личните податоци кои ги обработува, како и мерките за нивна заштита, со цел да ги заштити личните податоци од нивно случајно или незаконско уништување или губење, преправање, неовластено откривање или пристап и од какви било незаконски облици на обработка,

- да не ги обработува личните податоци во свое име и за своја сметка (складира, модифицира, пренесува, блокира брише или на друг начин обработува), ниту да ги прави достапни таквите податоци на трети лица надвор од Друштвото.

Агентот потпишува Изјава за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци.

Во случај на непочитување и/или неправилно применување на начелата на заштита на лични податоци, Законот за заштита на лични податоци и подзаконските акти и интерните акти на Друштвото кои ја уредуваат оваа материја од страна на Агентот, Друштвото може еднострано да го раскине договорот за вршење агентски работи со Агентот.

## IV. КОНТРОЛА НА РАБОТАТА НА АГЕНТИТЕ НА ДРУШТВОТО И ОРГАНИЗИРАЊЕ ОБУКИ ЗА АГЕНТИТЕ

Член 16

Со цел правилно спроведување на Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување и Законот за доброволно капитално финансирано пензиско осигурување и заштита на интересите на членовите/пензионираните членови на Прв задолжителен пензиски фонд, лицата кои имаат право да станат членови/пензионирани членовина Прв задолжителен пензиски фонд и Прв доброволен пензиски фонд или лицата кои во иднина би имале право да станат членови/пензионирани членови на Фондовите, КБ Прво пензиско друштво врши контрола на работењето на агентите на начин и процедури утврдени од Друштвото.

Член 17

Предмет на контрола на агентите е работата што тие ја извршуваат – маркетинг и потпишување на договори за членство и договори за програмирани повлекувања во Прв задолжителен пензиски фонд, потпишување на договори за членство, односно работењето на агентите согласно Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување и Законот за доброволно капитално финансирано пензиско осигурување, подзаконските акти и интерните одлуки и акти на Друштвото.

Член 18

Доколку Друштвото утврди неправилности во работата на агентот, ќе се преземат мерки кон агентот согласно интерните акти на Друштвото.

Член 19

Начинот на спроведување на контролата е уреден во интерните акти на Друштвото.

Член 20

Друштвото врши контрола на работењето на агентите и согласно налозите, барањата и упатствата на Агенцијата за супевизија на капитално финансирано пензиско осигурување – МАПАС.

Член 21

Секторот за маркетинг и агентска мрежа организира обуки и состаноци со своите агенти најмалку три пати годишно.

Покрај обуките на кои лично присуствуваат претставници на Друштвото и агентите, Друштвото може да организира и обука од страна на надворешни предавачи.

Член 22

Друштвото навремено ги информира сите негови агенти за настанатите промени во системот на капитално финансирано пензиско осигурување, КБ Прво пензиско друштво и фондовите со кој управува, што влијаат на прецизноста и квалитетот на информирањето на членовите, пензионираните членови, осигурителите, лицата кои имаат право да станат членови или лицата кои во иднина би имале право да станат членови на Прв задолжителен пензиски фонд и Прв доброволен пензиски фонд Ова информирање се врши по писмен пат, телефон, факс, електронска пошта, односно на начин за кој Друштвото смета дека овозможува брз и правилен прием.

## V. ПРАВИЛА ЗА ОДНЕСУВАЊЕ НА АГЕНТИТЕ НА КБ ПРВО ПЕНЗИСКО ДРУШТВО АД СКОПЈЕ ПРИ КОНТАКТ СО ПОТЕНЦИЈАЛЕН ИЛИ ПОСТОЈАН ЧЛЕН

Член 23
Општи правила

Со оглед на тоа што односот со пензиските осигуреници е особено важен за стекнување впечаток за агентот и КБ Прво пензиско друштво АД Скопје, при контактот со истите агентот треба:

- Да изгледа уредно, да биде позитивен, ведар – позитивниот став создава чувство на пријатност кај клиентот;
- Да биде отворен за соработка;
- Да биде сериозен, бидејќи е претставник на сериозно пензиско друштво на кого осигурениците, членовите, пензионираните членови, уплаќачите или осигурителите дале/ќе дадат доверба да ја управуваат нивната иднина;
- Да биде професионален, да ги почитува моралните и етичките принципи во работењето, да ги остави на страна личните проблеми, преокупации и интереси;
- Да постапува според законите – тоа е единствен начин да се покаже дека е дел од систем кој има поставени високи вредности и стандарди и дека истите ги почитува;
- Да биде трпелив – работата со клиенти бара разбирање и трпеливост.

Член 24
Правила за контактирање со потенцијални членови, уплаќачи или осигурители

Презентацијата за пензиски систем, капиталното финансирано пензиско осигурување и КБ Прво пензиско друштво АД Скопје, што треба да биде извршена на потенцијалниот член, уплаќач или осигурител, агентот треба да ја врши на следниот начин:

- При убедување на потенцијален член да потпише договор, агентот треба да постапува според Законот;
- Да се легитимира и започне со презентација на пензиски систем и капиталното финансирано пензиско осигурување, како и да го претстави КБ Прво пензиско друштво;
- При презентирањето агентот има обврска да на потенцијални членови, уплаќачи или осигурители на увид им ги даде Статутот на КБ Прв отворен задолжителен пензиски фонд/Статут на КБ Прв отворен доброволен пензиски фонд и Информативниот проспект на задолжителниот пензиски фонд со состојба за последна затворена година/ Информативниот проспект на доброволниот пензиски фонд со состојба за последна затворена година.
- Презентацијата треба да биде прилагодена на потребите и можностите на секој осигуреник, потенцијален член, уплаќач или осигурител;
- Да се привлече вниманието на потенцијалниот член, уплаќач или осигурител – вниманието значи дека постои заинтересираност за она што се нуди;
- При презентирањето на КБ Прво пензиско друштво АД Скопје - да се истакнат неговите основачи, искуството и имиџот што тие го стекнале со своето работење, резултатите на Друштвото;
- Секогаш да се постапува согласно законските, подзаконските акти и интерните акти на КБ Прво пензиско друштво АД Скопје;
- Секогаш да биде транспарентен – да му понуди на потенцијалниот член и поднесок за раскин на договор, доколку станува збор за договор за членство во задолжителниот пензиски фонд, да му ги посочи сите негови права;
- По можност да му се понуди на потенцијалниот член брошура на Друштвото или дополнителни

информации за институциите вклучени во институционалната инфраструктура на реформираниот пензиски систем – тоа ќе му помогне на потенцијалниот член да се одлучи;

- Да се избегнува конфликт, а за секој проблем што агентот не може веднаш да го реши треба да се обрати во КБ Прво пензиско друштво.

Член 25
Правила за контактирање со постојни членови, уплаќачи или осигурители

При контактите со постојните членови, уплаќачи или осигурители, агентот треба:

- Да се легитимира – членот да знае дека зборува со лице на Друштвото;
- Да му посвети внимание на она што членот прашува и да му даде соодветен одговор, а доколку не е во можност веднаш да одговори, учтиво да се извини, побара контакт за информации и веднаш да го извести штом ќе ги обезбеди бараните информации или да му ги посочи контактите на КБ Прво пензиско друштво АД Скопје;
- Забелешките на постојните членови, уплаќачи или осигурители не треба да се сфатат лично, бидејќи агентот е дел од Друштвото за кое работи и настапува во име на Друштвото;
- Да се избегнува конфликт, а за секој проблем што агентот не може веднаш да го реши треба да се обрати во КБ Прво пензиско друштво.

Член 26
Правила за контактирање со потенцијални и постојни членови, пензионирани членови, уплаќачи или осигурители преку телефон

При телефонски контакт со потенцијални и постојни членови, пензионирани членови, уплаќачи или осигурители, агентот треба:

- Да се претстави;
- Да го сослуша потенцијалниот или постоен член, пензионираниот член, уплаќачот или осигурителот и да му објасни за прашањата што истиот телефонски ги поставил или информациите што ги бара;
- Во случај на проблем, истиот да се обиде да го реши по телефон;
- Забелешките на потенцијалните, постоечки и/или пензионирани членови, уплаќачи или осигурители да не ги сфаќа лично, бидејќи е дел од Друштвото за кое работи и во чие име настапува;
- За секој проблем што не може веднаш да се реши агентот треба да се обрати во Друштвото.

Член 27
Правила за идентификување и потврдување на идентитетот на потенцијален член при склучување договори за членство во доброволниот пензиски фонд

Пред потпишување на договорот, агентот го утврдува идентитетот на потенцијалниот член/уплаќач врз основа на увид во оригинал и важечка лична карта или пасош на лицето или увид во фотокопија од личната карта или пасош заверена на нотар, воедно врши идентификација и дали истите се носители на јавна функција со потпишување на Изјава. Доколку се утврди дека членот/уплаќачот е носител на јавна функција, потребно е да се добие одобрение од член на Управниот одбор на Друштвото пред склучување на договорот. Барање за одобрение се доставува на е-маил до членовите на Управниот одбор на Друштвото и овластеното лице за спречување перење пари и финансирање на тероризам. Вработените во Сектор за продажба се одговорни да бараат одобрение во име на агентите и да остваруваат комуникација со агентите за склучување на договорот. По добивање на одобрение од член на Управниот одбор, се продолжува со постапката за потпишување на договорот. Доказ за добиеното одобрение се доставува заедно со задолжителната документација при склучување на договорот за членство.

Член 28
Правила за идентификување и потврдување на идентитетот на потенцијален осигурител кој организира професионална пензиска шема

Агентот при потпишување на договори за професионална пензиска шема во Прв доброволен пензиски фонд задолжително треба да го идентификува и потврди идентитетот на осигурителот со увид во оригинал или копија на регистрација од централен регистар заверена на нотар, кој треба да обезбеди копија од документот. Овој документ нетреба да биде постар од 6 месеци од датумот на издавање од Централниот регистар на РМ.

Пред потпишување на договорот, агентот го утврдува идентитетот на управителот/овластеното лице и вистинскиот/те сопственик/ци врз основа на увид во оригинал и важечка личната карта или пасош на лицето или увид во фотокопија од личната карта или пасош заверена на нотар, воедно врши идентификација и дали управителот/овластеното лице и вистинскиот/те сопственик/ци се носители на јавна функција со обезбедување на Изјава за носител на јавна функција.

Како вистински сопственици се идентификуваат крајните сопственици на правното лице преку увид во Тековна состојба од ЦРМ, не постара од 6 месеци. Доколку од документот не може да се утврди вистинскиот сопственик, Друштвото има право да побара дополнителни документи, меѓу кои и Изјава за утврдување на вистински сопственик и носител на јавна функција, потпишана од управител/овластено лице и заверена на нотар. Воедно, податоците за вистински сопственик се потврдуваат преку увид во Тековна состојба на вистински сопственик.

Секој државјанин на РСМ и странско лице треба да се идентификува дали е носител на јавна функција пред склучување на договорот, за што потпишува Изјава. Изјава за носител на јавна функција треба да потпише управителот/овластено лице на правно лице и вистинскиот/те сопственик/ци. Доколку се утврди дека управителот/вистинскиот сопственик е носител на јавна функција, потребно е да се добие одобрение од член на Управниот одбор на Друштвото за склучување на договорот. Барање за одобрение се доставува на е-маил до членовите на Управниот одбор на Друштвото и овластеното лице за спречување перење пари и финансирање на тероризам. Вработените во Сектор за продажба се одговорни да бараат одобрение во име на агентите и да остваруваат комуниакција со агентите за склучување на договорот. По добивање на одобрение од член на Управниот одбор, се продолжува со постапката за потпишување на договорот. Доказ за добиеното одобрение се доставува заедно со задолжителната документација при склучување на договорот за пензиска шема.

Член 29
Правила при склучување договори во доброволниот пензиски фонд со високоризични клиенти

По остварен контакт со клиент, уплаќач или сопственик/вистински сопственик кој е странски државјанин, агентите треба да се обратат до вработените во Сектор за продажба кои треба да побараат мислење за склучување на деловен однос од овластеното лице за спречување перење пари. Ова од аспект дали лицето кое сака да склучи деловен однос потекнува од високоризична земја. По извршената проверка и анализа, овластеното лице дава мислење за склучување на деловниот однос со клиентот. Доколку се работи за странско лице кое потекнува од високоризична држава потребно е дополнително одобрение од страна на член на УО на Друштвото и дополнителна анализа од страна на овластеното лице. Во случај на склучување договор за пензиска шема, доколку се работи за странско лице во функција на

управител/законски застапник, вистински сопственик и/или сопственик на компанијата се применуваат истите мерки

Доколку клиент/осигурител е здружение на граѓани или друг вид на непрофитни организации - Доколку при идентификација на правно лице за склучување договор за пензиска шема (увид во тековна состојба) се утврди дека се работи за овој вид на организација, агентот преку вработен од Секторот за продажба треба да побара одобрение од член на Управен одбор.

Во случаи на структури кај осигурителите кои склучуваат договори за организирање професионални пензиски шеми, каде осигурителот не може да утврди вистински сопственик, агентот преку вработен во Сектор за продажба ги доставува обезбедените документи од осигурителот до овластеното лице со цел оценка на ризикот од склучување деловен однос со клиентот. Овластеното лице по извршена анализа доставува информација до вработениот во Сектор за продажба за продолжување на постапката за склучување деловен однос., кој потоа го известува агентот.

Член 30

Доколку при идентификација на клиентот (членот) во текот на потпишување на договор за членство агентот се соочи со следните случаи:

- клиентот одбива да се идентификува или дава лажни податоци;
- клиентот се обидува да склучи договор во име на друго лице;
- необично однесување на клиентот и одбивање да се идентификува при склучувањето на договорот;
- клиентот склучува договори за членство со повеќе лица наеднаш со цел да уплаќа во нивно име;
- секое барање за склучување на договор за членство или склучување на договор со физичко лице од странство;
- Клиентот има лоша репутација во државата
- Клиентот е носител на јавна функција
- Клиентот има потекло или живее/престојува во држава за која се знае дека го поддржува тероризмот или во која има вооружен конфликт
- Клиентот одбива да обезбеди дополнителни информации или документи за целите на идентификација или анализа на клиент
- Клиентот го повлекува своето барање за склучување договор за членство кога од него е побарано да обезбеди дополнителни информации или објаснувања
- Клиентот има лоша репутација или за него се знае дека е криминалец или симпатизер на радикални структури
- Клиентот употребува средства од сомнителни извори.

или одбивање или (обид за) нецелосно почитување на постапката за идентификација на потенцијален член или овластено лице на потенцијален осигурител, како и било какво сомнително однесување на потенцијалниот член.овластено лице на осигурител во контекст на доброволното пензиско осигурување. агентот е должен, лично да го извести Друштвото за однесувањето на клиентот.

Агентот усмено го известува Друштвото, а по барање на Друштвото , должен е да достави и писмено известување.

## VI. КАЗНЕНИ ОДРЕДБИ

Член 31

За непочитувањето на Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување, Законот за доброволно капитално финансирано пензиско осигурување, Законот за исплата на пензии и пензиски надоместоци од капитално финансирано пензиско осигурување, подзаконските и интерните акти на КБ Прво пензиско друштво АД Скопје при вршењето на работите на агент, агентите подлежат на казни утврдени со Законите и подзаконските акти, интерни акти на Друштвото, како и други позитивни законски прописи во Република Северна Македонија.

## VII. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 32

Овој Правилник се наоѓа во деловните простории на Друштвото и секој има право на увид.

Член 33

Измени и дополнувања на овој Правилник врши доносителот на Правилникот.

Член 34

Овој Правилник влегува во сила наредниот ден по донесување од страна на Управниот одбор на Друштвото.

Со влегување во сила на овој Правилник, престанува да важи Правилникот за работа на агентите на КБ Прво пензиско друштво АД Скопје бр.01-1454/1од 08.03.2019 година.

**КБ Прво пензиско друштво АД Скопје**
**Претседател на Управен одбор**
**Весна Стојановска**

КБ
ПРВО
ПЕНЗИСКО
ДРУШТВО
АД СКОПЈЕ